**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-67/2**
**Скопје,04.07.2025 година**

Записник од дваесет и шеста седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 04.07.2025 година

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу член
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-ѓа Јечена Догазанска Колева член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на дваесет и шестата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори дваесет и шестата седница на Советот и воедно го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записникот од 25-та седница на Советот
2. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево
3. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга
4. Разгледување на предметите СОЖ бр.3/24, СОЖ бр.4/24, СОЖ бр. 2/25 и СОЖ бр.3/25

5. Разгледување на дописот бр.08-6909/1 од 18.06.2025 година од Министерството за финансии на РСМ и дописот бр.50/5792 од 19.06.2025 година од Владата на Република Северна Македонија – Комисија за политички систем
6. Разгледување на Меморандумот за соработка со Хелсиншкиот комитет за човекови права
7. Разно.

Воедно предложи да има измена во однос на распоредот на точките кои ќе бидат разгледувани, па така предложи точката четири од дневниот ред да биде ставена како последна точка на дневниот ред по што дневниот ред ќе гласи:

1. Усвојување на записникот од 25-та седница на Советот
2. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево
3. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга
4. Разгледување на дописот бр.08-6909/1 од 18.06.2025 година иод Министерсвото за финансии на РСМ и дописот бр. 50/5792 од 19.06.2025 година од Владата на Република Северна Македонија – Комисија за политички систем
5. Разгледување на меморандумот за соработка со Хелсиншкиот комитет за човекови права
6. Разно
7. Рагледување на предметите СОЖ бр.3/24, СОЖ бр.4/24, СОЖ бр. 2/25 и СОЖ бр.3/25.

Вака предложениот дневен ред од страна на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека записникот од 25-та седница бил поделен на членовите на Советот на разгледување и доколку нема никакви забелешки од стана на членовите на Советот предложи истиот да биде усвоен. Откако немаше забелешки од страна на членовите на Советот едногласно беше усвоен записникот од 25-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот кој бил објавен за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Кичево се има јавено еден кандидат и тоа јавниот обвинител Виолета Стојаноска. Воедно членовите на Советот беа запознаени со кратката биографија и движењето на кариерата на јавниот обвинител. Воедно кажа дека јавниот обвинител ја извршува функцијата ВД Основен јавен обвинител на ОЈО Кичево и дека на оваа позиција како Основен јавен обвинител била во два мандата. Наведе дека од ВЈО Гостивар е позитивно оценета, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевки кој кажа дека има работено 15 години во ВЈО Гостивар и дека бил координатор

за OJO Кичево, дека добро ги познава сите колеги, вклучувајќи ја и г-ѓа Виолета Стојавноска. Истакна дека ова јавно обвинителство има доста голем број на предмети, при што има разговрано со ВЈО Гостивар за да се најде компромисно решение овие два месеци јавниот обвинител да може да користи и годишен одмор, а да се ангажираат тројца јавни обвинители од OJO Гостивар од кои двајца со место на живеење се од Кичево, а еден е од Гостивар и кои обвинители ќе застапуваат кривични предмети каде што е предвидена казна над 5 години. Воедно се надоврза и кажа дека со новиот Закон за јавното обвинителство оваа граница ќе биде намалена за јавните обвинители кои ја имаа завршено АСЈО и наместо 3 години ќе биде 1 година. Во однос на кандидатот кажа дека ја подржува и дека ќе гласа за од причина што станува збор за искусен јавен обвинител со над 30 години работен стаж и смета дека може да ја извршува функцијата Основен јавен обвинител на OJO Кичево.

Г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека како член на Комисијата која го спроведувала интервјуто со кандидатот за Основен јавен обвинител на OJO Кичево, смета дека јавниот обвинител со оглед на долгогодишниот стаж како јавен обвинител во OJO Кичево и во двата мандата кога ја извршувала раководна функција, смета дека има доволно квалитет и искуство за да ја извршува оваа раководна позиција и воедно ќе го даде својот глас за овој кандидат.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека таа и колегата Башким Бесими се координатори за подрачјето на ВЈО Гостивар, ги следат извештаите за ова јавно обвинителство и смета дека ажурно, посветено и компетентно ги извршува сите задачи кои што се бараат од јавен обвинител. Воедно кажа дека пријавениот кандидат ја извршува и функцијата ВД Основен јавен обвинител на OJO Кичево и од тие причини смета дека кандидатот е соодветен и ги исполнува условите да биде избран за Основен јавен обвинител на OJO Кичево.

Г-дин Ермон Незири кажа дека кога ќе се земат во предвид работното искуство и работниот стаж на кандидатот ја има неговата подршка и со оглед дека во два мандата раководела со OJO Кичево смета дека е во полза за премостување на настанатата ситуација и ќе биде решен проблемот со заостатокот на предметите.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи да се помине на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево.

Кандидатот Виолета Стојаноска доби 11 гласа ЗА.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Виолета Стојаноска за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево. Функцијата Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево ќе ја извршува од 04.07.2025 година.**

Под точката три од дневниот ред, Претседателот на Советот кажа дека на огласот за избор на Основен јавен обвинител на OJO Струга се има пријавено еден кандидат, јавниот обвинител Никола Јолески. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и

движењето на кариерата на кандидатот. Кажа дека кандидатот е позитивно оценет од страна на ВЈО Битола, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Јелена Догазанска Колева истакна дека како координатор за подрачјето на ВЈО Битола од месечните извештаи на ОЈО Струга, се констатира дека кандидатот ажурно постапува по предметите и дека е единствен кандидат кој ги исполнува условите за да ја извршува функцијата Основен јавен обвинител на ОЈО Струга. Наведе дека од тие причини од страна на Советот му била дадена доверба да ја извршува функцијата ВД ОЈО на ОЈО Струга.

Г-дин Ардиан Демири кажа дека нема да зборува во својство на координатор на тоа подрачје од причина што и не е, туку ќе дебатира за колегата од аспект на лично познавање и општа перцепција и со оглед дека доаѓа од Струга, за каде и јавниот обвинител конкурирал за шеф на ова јавно обвинителство. Потенцираше дека станува збор за исклучително стручен јавен обвинител, обвинител кој долги години работи во ОЈО Струга, со изграден идентитет и компетентност и што е најбитно во перцепцијата на јавноста дека е широко прифатен, бидејќи станува збор за мултиетничка средина. Со мислење е дека неговиот избор би придонел за зајакнување и зголемување на довербата на Стружани спрема ОЈО, а со цел сите заеднички тоа јавно обвинителство да оствари подобри резултати во однос на некои појави кои во минатото се имаат случено. Од таа причина кажа дека ќе ја даде подршката за овој кандидат.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи да се помине на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга.

Кандидатот Никола Јолески доби 11 гласа ЗА.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Никола Јолески за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга. Функцијата Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга ќе ја извршува од 04.07.2025 година.**

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека членовите на Советот се запознаени, но и јавноста треба да биде известена дека при изготвувањето на Годишниот извештај за работата на Советот за 2024 година, во делот на средства за работа и буџет на Советот од страна на Одделението за финансиско работење во Советот бил направен превид по однос на пресметките и таквите износи се дадени на Комисијата која го изготвувала Годишниот извештај. Извештајот согласно законот е испратен до надлежните институции, а тоа е Владата на РСМ, Собранието на РСМ и ЈОРСМ. Воедно кажа дека на владина седница при разгледување на извештајот од страна на Министерството за финансии било укажано за настанатиот пропуст во делот на пресметката на платите не бил прикажан одреден износ, кој што по извршените проверки било утврдено дека грешката настанала во книговодтсвото во

Советот. Потенцираше дека грешката е констатирана, истата е корегирана и исправена со изјава од страна на вработеното лице во Советот кое е задолжено за финансиското работење во Советот. Наведе дека точните податоци се доставени до комисијата која го изготвувала извештајот за работата на Советот за 2024 година и дека исправката е направена само во делот на одобрениот буџетот за Советот од страна на Министерството за финансии на РСМ. Претседателот на Советот кажа дека исправката е прикачена и на веб страницата на Е-Влада, дека истата е доставена до Собранието на РСМ и ЈОРСМ со соодветно образложение. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ која како член на Комисијата која го изготвувала Годишниот извештај за работата на Советот за 2024 година, кажа дека е информирана за наведениот допис испратен од страна на Министерсвото за финансии и несогласувањето на податоците во однос на одобрениот буџет на Советот на јавните обвинители за 2024 година и на тие кои се прикажани во Годишниот извештај во делот IX.Средства за работа и буџет 2024 година. Наведе дека како Комисија го изготвувале извештајот врз основа на добиените податоци од страна на своите служби, во овој случај од Одделението за буџет и финансиско работење. Кажа дека била известена од страна на раководителот на одделението дека е направен превид при давањето на податоци на одобрените средства и дека како резулат на тоа е направена исправка на табела на одобрените средства во буџетот за 2024 година. Превидот не бил направен во однос на реализираниот буџет, туку само во однос на одобрениот буџет како вкупен износ и во однос на неговите две ставки, се работи за ставките - Основни плати и Придонеси за социјално осигурување. Истакна дека превидот е направен, а по кажување на раководителот на одделението, поради тоа што при неговото изготвување не бил земен во предвид Ребалансот на буџетот за 2024 година, туку неговиот предлог. Смета дека исправките кои биле направени сега од страна на раководителот на одделението за буџет и финансиско работење, а го добиле на увид сите членови на Советот, се во согласност со Ребалансот на буџетот за 2024 година кој се однесуваат на Советот на јавните обвинители и дека е потребно од страна на Советот да се донесе одлука со која ќе се направи исправка на Годишниот извештај за работа на Советот за 2024 година, во делот на одобрениот буџет.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска потенцираше дека станува збор само за бројките и дека тука е направен пропустот.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање прелогот да се направи исправка на Годишниот извештај на Советот за 2024 година во делот на доделените буџетски средства за Советот. Воедно кажа дека одлуката и исправката ќе бидат доставени до сите надлежни институции и ќе биде објавена на Е-Влада.

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека овој меморандум е склучен помеѓу Советот на јавните обвинители на РСМ, ЈОРСМ, Нациионалната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство и Хелсиншкиот комитет за човекови права. Истакна дека Советот го разгледал како

предлог кога бил доставен меморандумот за соработка и заеднички и со јавниот обвинител на РСМ било одлучено дека истиот треба да биде потпишан со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски на потписниците, а во врска со спроведувањето на активностите во рамките на проектот подржан од ОБСЕ.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека го има потпишано овој меморандум.

Членовите на Советот на јавните обвинители на РСМ едногласно одлучија Советот на јавните обвинители да го потпише Меморандумот за соработка со Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Под точка разно Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го запозна Јавниот обвинител на РСМ во однос на ситуацијата со ОЈО Куманово, дека неколку пати било разговарано на оваа тема и дека ОЈО на ОЈО Кумовово бил присутен во Советот и ја образложила состојбата со недостаток на јавнообвинителски кадар, а посебно за состојбата со ОЈО Крива Паланка каде со години наназад нема јавен обвинител, а ОЈО Куманово го покрива ова јавно обвинителство. Воедно побара мислење од Јавниот обвинител на РСМ за да се изнајде некакво решение за да му се помогне на ОЈО Куманово и ОЈО Крива Паланка.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевкси кажа дека ОЈО Крива Паланка многу година наназад нема јавен обвинител, додека од ОЈО Куманово се испраќаат јавни обвинители на испомош, но состојбите и во други јавни обвинителства не се во најдобра ситуација. Истакна дека имало проблем во ОЈО Гевгелија каде еден јавен обвинител 4 години сам работел, а станува збор за погранично место. Наведе дека дал овластување на двајца јавни обвинители од ОЈО Велес кои неколку месеци помагаат на јавниот обвинител на ОЈО Гевгелија и со изборот на еден јавен обвинител во ОЈО Гевгелија сега се вкупно двајца во тоа јавно обвинителство. Меѓутоа кажа дека има јавни обвинителства каде што нема ниту еден јавен обвинител како што е случајот со ОЈО Ресен и истиот проблем е со ОЈО Берово, кој што нема три години и засега за ОЈО Куманово останува да испраќа јавни обвинители во ОЈО Крива Паланка бидејќи во моментот на повидок нема други решенија. Воедно кажа и да се повтори оглас за ОЈО Крива Паланка не е сигурен дека ќе се пријави некој кандидат од причина што веќе нема кандидати со завршена АСЈО, а од 47 јавни обвинители колку што биле предвидени 29 биле избрани за јавни обвинители што значи дека 18 се помалку од предвидената проекција и бројка. Кажа дека и тука се створил проблем иако со Судскиот совет бил начелно склучен договор и истиот бил утврден со одлука која била доставена од двата Совета до АСЈО. Воедно како заклучок кажа дека не гледа друг излез освен ОЈО Крива Паланка да се покрие со јавни обвинители од ОЈО Куманово, освен доколку има проширување на систематизација за ОЈО Куманово или некое соодветно друго јавно обвинителство па тогаш да се упатуваат од таму јавни обвинители. Во однос на АСЈО кажа дека има сознанија дека ќе прима нови кандидати дури наредната година и потенцира дека од сега па во наредните три и пол години нема да излезе јавен обвинител со завршена АСЈО. Кажа дека со измена на Законот за работни односи и можноста за продолжување на работниот однос над 64 години не би знаел да каже колкава ќе биде бројката на јавни обвинители и дали сите ќе поднесат барање за продолжување до 67 години возраст, а и сите да

поднесат барање истакна дека има недостаток од 70 јавни обвинители. Наведе дека истото известување е доставено и до ЈОРСМ истото било разгледано меѓутоа во моментот неможе да се изнајде некакво решение. Исто така како проблем го наведе и ОЈО Скопје каде што кажа дека 10 јавни обвинители се ангажирани за случувањата во Кочани и тие јавни обвинители ќе мора да учествуваат во таа постапка можеби не сите со оглед дека се поделени во области каде барем еден од секоја област ќе биде ангажиран. На мислење е и ОЈО Скопје да се прошири со систематизација, да се зголеми бројот на јавни обвинители за што Советот би одлучил, меѓутоа проблемот е со кои кандидати би се пополниле тие места.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот размислувал во тој правец и најмал проблем е да се распише оглас, кажа дека ОЈО Скопје целосно е пополнето. За проширување на систематизацијата и тоа било размислувано и разговарано, меѓутоа проблемот е што нема кандидати.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски предложи Советот да направи анализа во однос на бројот на предмети во ОЈО Скопје, па и за другите јавни обвинителства и доколку се најде можност за проширување на систематизацијата на јавно обвинителски места да се објави оглас и да се чека дали некој би се јавил на огласот, бидејќи уверенијата што ги добиваат од последната генерација со завршена АСЈО гласат за судија и јавен обвинител.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска смета дека доколку Судскиот совет би се придржувал на проекциите и одлуката која ја има доставено до АСЈО кандидатите би се јавиле на огласите објавени од страна на Советот на јавните обвинители на РСМ. Кажа дека СЈОРСМ ги известил сите институции како и Министерството за правда, УО на АСЈО и од никаде немало никакви реакции на постапката на Судскиот совет.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски потенцираше дека проблемот ќе биде уште поголем од причина што АСЈО издава уверенија за двете функции, смета дека претходното решение со добивање на уверенија за судија или за јавен обвинител било подобро решение отколку сегашното. Воедно искажа благодарност до сите јавни обвинители кои работеле на предметот Кочани и кажа дека истрагата била завршена во рекорден рок за два и пол месеци.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека заедно со г-ѓа Кети Петкова учествувале во работната група за изготвување на новиот Закон за Советот на јавните обвиинители на РСМ, по што и даде збор на г-ѓа Кети Петкова.

Г-ѓа Кети Петкова ги извести членовите на Советот дека заедно со претседателката на Советот како претставници на Советот на јавните обвинители на РСМ биле членови на работната група која ја изготвувала предлог измената на Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ и Законот за јавното обвинителство. По однос на Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ кажа дека членовите на Советот биле известувани за секоја седница што била одржана, а се однесувала на Законот за Советот, за сите предлози и измени кои произлегувале од страна на Советот. Воедно кажа дека работната група изготвила текст на кој скоро на последната седница како предлог на Владата на РСМ дошло

алтернатива за депрофесионализација на Советот, со тоа што било кажано дека ќе се стави во предлог Законот алтернатива за три члена за депрофесионализација на Советот. Истакна дека како претставници на Советот се спротивставиле на таа одлука, бидејќи сметале дека во овој момент истата не е доволно анализирана и проценета во колерација со Законот за јавно обвинителство, односно дека постои простор за размислување за таков вид на депрофесионализација соодветна на некои други правни системи, меѓутоа тоа не би можело во овој Закон да има таква нагла промена, без претходно да се изврши анализа подетално и на што ќе се одрази и какви последици би можеле да произлезат. Кажа дека Владата на РСМ инсистирала да се стави алтернатива на три члена, за кои и сите членови на работната група се согласиле дека не се согласуваат дека тоа е став на работната група и покрај тоа Владата на РСМ го ставила овој предлог во нацрт предлогот за измена на Законот за Советот на јавните обвинители со алтернативи на три члена и тоа членот 3 и кој се однесува на депрофесионизација на Советот со кој се брише ставот 4 од постојниот Закон, членот 7 каде се зборува дека мандатот на член на Советот е неспоив со вршење на друга функција во случајот јавен обвинител и алтернатива на член 12 каде се обработуваат основите за изземање. Имајќи го во предвид личниот став и ставот на претседателот на Советот како и на колегите смета дека без оглед што се членови на работната група, смета дека Советот треба да излезе со еден заклучок и да се стави забелешка од страна на Советот, каде ќе стои дека Советот смета дека овие алтернативи не треба да се прифатат односно депрофесионализација на Советот во овој момент со таков Закон за јавно обвинителство и во овие услови без претходно да се направат анализи и проценки што би предизвикало и како би се одразил овој процес, дека такви алтернативи не треба да бидат поддржани. Воедно предложи доколку членовите на Советот се согласуваат со тоа, да се изготви текст кој би бил пуштен до ЕНЕР во име на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Г-дин Ардијан Демири кажа дека го разгледан новиот предлог и од тоа што успеал да види кој што е ставен на ЕНЕР со сите алтернативи и покрај кажаното од страна на колешката има и други околности за кои смета дека треба да се обрне внимание, не само во делот на депрофесионализацијата, туку има и други моменти за кои смета дека се битни со кои некои претходно предвидени работи би се промениле кон полошо. Додаде доколку Советот заземе став за да се изготви некаков текст во вид на пригвор или пак сугестии на одредбите од предлогот ќе се дополни и во делот на мандатот на членовите на Советот кои што се избрани од страна на Собранието на РСМ, каде се дозволува преку еден мандат да се повтори мандатот или изборот и има приметено промена во делот на престанок на функцијата член на Советот кои што се избрани од страна на Собранието на РСМ. Смета дека има радикална промена во однос на мнозинството со која се донесува одлука за престанок по иницијатива на овластени преставници со кој му престанува мандатот на членот на Советот. Смета дека со ова во иднина му се дава на државниот јавен обвинител можност да интервенира при престанок на мандатот на членовите на Советот избрани од страна на Собранието. Смета дека оваа состојба треба да се анализира и Советот

да даде свои видувања и сугестии во прилог на кажаното од страна на колешката Кети Петкова.

Г-ѓа Кети Петкова додаде дека во однос на сите други членови се имаат водено по сугестиите од оценската мисија по предлог Законот за Судски буџет кој веќе бил поминат пред Венецијанската комисија и тоа било преточено како алтернативи во измените на Законот со тоа што единствено нешто што не се согласила комисијата било алтернативите за депрофесионализација на Советот. Предложи тоа што се однесува за депрофесионализација да оди од Советот, а секој од членовите на Советот може да напише во ЕНЕР како член на Советот и да даде свои видувања и предлози.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот ќе изготви забелешка и сите во работната група, освен Министерството за правда, било кажано дека алтернативите не се од работната група, туку се предлог на Министерството за правда. Смета дека без да се направат дополнителни анализи, а се оди кон депрофесионализација на Советот би настанал хаос во Советот.

Г-дин Ермон Незири истакна дека го поддржува оној текст што го изработила работната група. Кажа дека предлозите не се за подобрување на состојбите и работата на Советот без претходно направена анализа на состојбите и како тоа би функционирало, а од друга страна има обврски и потпишани меморандуми за соработка со ЕУ за донесување на законски решенија. Цени дека вакво нешто е тотално непотребно и неприменливо. Воедно постави прашање како членовите избрани од Собранието на РСМ би работеле во Советот и дали и јавните обвинители членови на Советот би работеле јавнообвинителски предмети.

Под точка разно г-ѓа Светлана Стојковиќ ги извести членовите на Советот за содржината на претставката поднесена против јавен обвинител, каде ВЈО Скопје по извршениот надзор констатирал дека постои неажурно и неефикасно постапување на предметниот јавен обвинител по предмет од потежок карактер и дека станува збор за настан од 2017 година. Кажа дека јавниот обвинител од ВЈО Скопје кој го вршел надзорот укажал дека и покрај барањето за ажурирање и постапување по предметот, предметниот јавен обвинител во ОЈО Скопје не доставил никакво појаснување за причините за непревземање никакви дејствија. Од таа причина смета дека треба писмено да се извести Јавниот обвинител на РСМ за да може доколку постојат основи да се поведе дисциплинска постапка.

Г-ѓа Марјана Илиеска се надоврза на кажаното од страна на колешката Светлана Стојковиќ, дека освен таа претставка за која што дискутираше и она како координатор за подрачјето на ВЈО Скопје има повеќе претставки за истиот јавен обвинител кој што неажурно ги работи предметите, што е констатација од извршениот надзор на ВЈО Скопје, а по однос на поднесени претставки, а се однесува на застарување на кривичните пријави, ненавремено одлучување и превземање на дејствија, неосновано отфрлање на кривични пријави, така што смета дека за овој јавен обвинител треба од страна на ЈОРСМ да се спроведе и изврши надзор над неговата работа и доколку биде утврдено дека има основи дека истиот ги повредил одредбите од Законот за јавното

обвинителство со неговото неажурно работење да се иницира постапка за поведување на дисциплинска постапка.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека со оглед на тоа дека има претставка може веднаш да биде известен и ќе биде донесена наредба да се изврши вонреден надзор над работата на посочениот јавен обвинител и ќе бидат ангажирани јавните обвинители во ВЈО Скопје и јавните обвинители во ЈОРСМ кои се и координатори за тоа јавно обвинителство.

Откако никој не зема збор под точка разно се помина на точката четири од дневниот ред. Пред да се помине на оваа точка, јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека овие предмети во Советот биле заведени во 2024 година и претпоставува дека се по жалба на дисциплинска комисија, и дека пред да биде именуван за Јавен обвинител на РСМ, бил претседател на дисциплинската комисија. Со тоа имајќи согласно принципот на хирархија ќе бара изземање односно да неучествува во дискусиите по оваа точка од дневниот ред, по што ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека со оглед на тоа што станува збор за предмети за јавни обвинители смета дека јавноста треба да биде исклучена поради заштита на угледот и интегритетот на јавните обвинители за кои се однесуваат предметите. Воедно предлогот го стави на гласање. Едногласно од страна на членовите на Советот истиот беше усвоен, по што јавноста ја напушти седницата по оваа точка од дневниот ред.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска премина на разгледување на предметите СОЖ 3/24, кажа дека Дисциплинската комисија по овој предмет донела Решение од 03.10.2024 година со кое не се поведува постапка за утврдување на одговорност за јавниот обвинител во ВЈО Скопје Ф.Ф. Кажа дека Дисциплинската комисија констатирала дека предлогот бил ненавремено поднесен и тоа за секој предмет поединечно. По однос на предметот СОЖ 4/24 истакна дека Комисијата донела Решение против јавниот обвинител С.Р. предлогот бил поднесен од страна на вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје М.Х. за сторена тешка дисциплинска повреда, меѓутоа Комисијата и тука утврдила дека предлогот бил ненавремен. По однос на предметот СОЖ 2/25 Претседателот на Советот кажа дека Комисијата донела Решение за поведена постапка за утврдување на одговорност против јавниот обвинител Ф.Ф. поднесен од страна на ВЈО на ВЈО Скопје и тука во решението во диспозитивот стои дека предлогот бил ненавремен. Воедно накратко ги извести членовите на Советот за содржината на делото. За предметот СОЖ 3/25 кажа дека исто така било донесено решение од страна на Комисијата со кое не се поведува постапка за утврдување на одговорност против јавниот обвинител С.Р., а по предлогот на вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, со оглед на тоа што истиот е ненавремен, односно рокот бил истечен за поднесување на предлогот и воедно кажа за кој настан станува збор. Заклучи дека за сите четири одлуки било донесено решение дека истите биле ненавремено поднесени предлози, односно за истите истечен е рокот за поднесување на поднесување на предлог за дисциплинска одговорност. Истакна дека членовите на Советот ги разгледале сите предмети и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-ѓа Кети Петкова зема збор и кажа дека Советот како второстепен орган кога одлучува по жалба без да се навлегува во фактичката состојба во однос на утврдените или неутврдените неправилности против лицата за кои биле поднесени, најпрвин треба да се види дали правилно е применото материјалното право односно процесното право. Кажа дека согласно член 93 од Законот за јавното обвинителство со која е регулирана дисциплинската постапка по која треба да постапува Комисијата при одлучувањето може да се констатира дека во ст.4 била јасна одредбата. Наведе дека во конкретниот случај Комисијата констатирала дека не се поведува постапка со дадено образложение зошто не се поведува, меѓутоа било направено погрешна примена на материјалното право со тоа што е донесено решение, а законот е јасен кога се носи решение и на истото се има право на жалба. Смета дека доколку немало жалба би немало ниту предмет во Советот на јавните обвинители на РСМ и со заклучок би можела да се заврши целата постапка. Така што по повод на жалбите Советот ги разгледал предметите и како второстепен орган Советот е должен правилно да го примени Законот за јавното обвинителство. Смета дека Советот треба по повод жалбата, а по службена должност да ги укине решенијата на Комисијата и да се вратат на повторно постапување со тоа што правилно ќе се примени законот.

Г-дин Ермон Незири кажа дека колку што разбрал Комисијата воопшто не водела постапка на утврдување на фактичка состојба и има формална пречка за поведување на постапка, бидејќи бил поминат рокот за поведување на постапката. Воедно запраша дали воопшто постапката може да се врати на повторно одлучување, бидејќи било констатирано дека нема можност за водење постапка поради незапазување на рокот од три месеци. Предложи да се потврдат решенијата на Комисијата и да се одлучи по чл.89 ст.3 од Законот за јавното обвинителство.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска во однос на предметите СОЖ бр.3/24 и СОЖ бр. 4/24 кажа дека се донесени решенија согласно чл.89 ст.3 од Законот за јавното обвинителство, преостанатите два предмета постапено е согласно чл.93 ст.1 од Законот за јавното обвинителство. Потенцираше дека во ниту еден од предметите не е поведена постапка.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека за Советот е клучно да се разјасни околноста дали Комисијата требало во конкретниот случај да донесе заклучок или решение во врска со овие предмети.

По завршената дискусија и откако никој не зема збор, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи да се помине на гласање по однос на предметот СОЖ бр.3/24, кој е за тоа да се укине Решението на Комисијата за утврдување на одговорност. Едногласно беше одлучено од страна на членовите на Советот да се укине решението на Комисијата.

По предметот СОЖ бр.4/24 даде предлог кој е за тоа да се укине Решението на Комисијата за утврдување на одговорност по службена должност. Едногласно беше одлучено од страна на членовите на Советот да се укине решението на Комисијата.

По предметот СОЖ бр. 2/25 кој е за тоа да се укине Решението на Комисијата за утврдување на одговорност. Едногласно беше одлучено

од страна на членовите на Советот да се укине решението на Комисијата.

По предметот СОЖ бр. 3/25 кој е за тоа да се укине Решението на Комисијата за утврдување на одговорност и вратено на повторно постапување. Едногласно беше одлучено од страна на членовите на Советот да се укине решението на Комисијата.

Откако никој не зема збор под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи дваесет и шестата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Душица Димитриеска